Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Живко Утковски од Скопје УП2 09-97/24 од 21 февруари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1346 од 5 јануари 2024 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1346 од 5 јануари 2024 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Живко Утковски од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-97/24 од 21 февруари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-1346 од 5 јануари 2024 година на КЕЦ Васил Главинов, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на пумпа за наводнување на земјоделско земјиште.

Според Електродистрибуција – станува збор за парцела која се наоѓа вон плански опфат во атарот на село Љубанци на КП 1797 КО Љубанци вон град.

Напојна трафостаница е Детско летувалиште Љубанци, која од парцелата на барателот е оддалечена околу 2km. Во близина на парцелата на барателот нема нисконапонска мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје. Исто така во непосредна околина нема други потенцијални баратели.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 18 март 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-97/24 од 21 февруари 2024 година со прилог:

-Приговараното Решение
-Изјава дека постои монофазна мрежа во близина која е во приватна сопственост
-Изјава за согласност за приклучок од сопственик на приватна мрежа
-Уверение дека КП 1797, КО Љубанци-вонград е надвор од урбанистичко-планска документација

-Мислење од МЖСПП
-Имотен лист
-Барање за согласност за приклучок
2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 8 март 2024 година со прилог:
-Извештај за пад на напон во мрежата
-GIS скица

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, најблиската приклучна трафостаница е на 2 километри од парцелата, независно од која нисконапонска мрежа ќе се искористи за приклучок. Толкава должина резултира со неквалитетна испорака на електрична енергија и големи вредности на пад на напон.

Согласно член 35 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–97/24**
**29 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**